# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2017

**ОКТОМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **7**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 0 работни односи | 2 образование | 0 социјална сигурност |
| 1 здравство | 0 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 1 медиуми | 0 избирачки права | 3 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **12**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 4 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 2 мислења на Народен Правобранител | 6 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ 1

Активности на здрж. на граѓани 2

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14,3% пол | 0% етничка припадност | 28,6% религија | 14,3% политичка припадност |
| 0% попреченост | 0% сексуална ориентација | 0% корисници на дрога | 57,1% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 3 |
| индиректна | 1 |
| вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 1 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2017




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ОКТОМВРИ 2017

### СЛУЧАЈ:

Во текот на месец октомври се емитуваа спотови од заедничка кампања во сопствена продукција на Сити Радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио Мрежа, која, како што се вели во нив, е наменета за „сите пре-еманципирани жени“. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека кампањата претставува дискриминација врз основа на пол, ширење мизогинија и сексизам што е флагрантно кршење на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според извештајот на агенцинјата, трите радиодифузери кои ја продуцирале оваа кампања, се однесуваат на начин кој е непоимлив и целосно неспојлив со професионално однесување. Агенцијата смета дека во кампањата, еманципацијата на жените и на мажите се поставуваат како два процеси кои меѓусебно се исклучуваат, еманципацијата и стремежот на жените да го достигнат максимумот во своите кариери се претставува како негативна појава, успешните жени се подложуваат на потсмев и омраза, а на децата и младите од обата пола им се испраќа порака дека не се еднакви и дека не треба да се стремат кон еднаквост. До трите радија се упатени известувања за констатираното прекршување на Законот, Извештајот од надзорот е достапен на веб страницата на Агенцијата и е испратен до Комисијата за заштита од дискриминација до која Агенцијата поднесе и претставка..[1]

[1)] http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Pismen-izveshtaj-02.11.2017.pdf

### СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд за човекови права во Стразбур донесе пресуда во случајот M.F. v Hungary (бр. 45855/12). Судот пресуди против унгарската држава во случај на маж од ромско етничко потекло, кој наводно бил тешко претепан во 2010 година од страна на полицијата за време на неговото испрашување во полициска станица. Судот едногласно одлучи дека унгарските власти со третманот на жалителот за време на испрашувањето го прекршиле членот 3 од Конвенцијата, а бидејќи истрагата на властите не била ефикасна и не испитувала дали злоупотребата има расистички мотив унгарската држава ги прекршила членот 3 и членот 14 во врска со членот 3 од Конвенцијата.

Според неговите бранители, жалителот поминал 12 часа присилно испрашување во полициска станица каде полицијата се обидела да го натера да признае кривично дело, шестмина полицајци и двајца чувари го тепале и го понижувале, наводно велејќи му: „Не ни е гајле ако умреш, ќе има еден Циган помалку", а неколку часа по напуштањето на полициската станица, тој отишол во болница каде што му било дијагностицирано дека се здобил со повреди на черепот, носот, рамената, колковите, рацете, дланките и бутовите.

Жалителот поднел кривична пријава во која тврдел дека бил жртва на полициска бруталност и дека постојано бил навредуван поради неговото ромско потекло. Обвинителните органи ја прекинале истрагата во декември 2010 година, наоѓајќи дека неговата верзија на настаните не била веродостојна. Неговиот навод за расистички мотив позади неговото малтретирање не бил адресиран од страна на обвинителството. Во 2012 година жалителот поднел приватна тужба против шест полицајци и двајца чувари. Сепак, обвиненијата против тројца од обвинетите паднале и судот ги ослободил другите петмина поради недостаток на докази. Жалителот подоцна бил прогласен за виновен за лажно обвинување против еден од полициските службеници и осуден на 180 дневна општокорисна работа. По ваквата пресуда, жалителот поднел жалба пред Европскиот суд за човекови права.

### РЕСУРСИ:

Практично помагало на Еквинет за „Врамување на еднаквоста“: Алатки за комуникација за телата за еднаквост

http://www.equineteurope.org/IMG/pdf/framing_equality_-_communication_toolkit_for_equality_bodies.pdf

Извештај на ФРА: „Правото на самостоен живот на лицата со попречености“. 3 дела - Заложби и структура, Финансирање и буџетирање и Исходите за лицата со попречености.

http://fra.europa.eu/en/publications-and-resources/publications?title=community&year%5Bmin%5D%5Byear%5D=&year%5Bmax%5D%5Byear%5D=&related_content=212&language=All&countries_eu=All&publisher=81

http://coalition.org.mk/diskriminatsija-vo-zdravstven-dom-vo-kumanovo/

http://coalition.org.mk/transrodova-zhena-dobi-sluchaj-pred-upravniot-sud-na-republika-makedonija/

http://avmu.mk/%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**